ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса:Македонија бр.5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 034
Е-пошта: info@fzo.org.mk

**Број: ______________**
**______.2018 година**
**С к о п ј е**

**Од: Фонд за здравствено осигурување на Македонија**

**До: ____________________________**

**Предмет: Известување**

Почитувани,

Заради навремена електронска достава на податоците за редовните студенти, за која Фондот за здравствено осигурување на Македонија склучи договори за соработка за размена на податоци со поголем број на високообразовни установи, Ве известуваме за следново:

Согласно склучените договори, Факултетот секоја година по запишување на студентите на редовно школување во секоја нова учебна година, се до навршување на 26 години на студентот, до Фондот доставува податоци во електронска форма за сите запишани редовни студенти. Од таа причина потребно е за учебната година 2018/2019 година во најкраток можен рок да се изврши достава на бараните податоци.

По доставувањето на горенаведените податоци за учебната година 2018/2019 година, исто како и во досегашната пракса понатамошната постапка на ажурирање на податоците ќе продолжи на шест месеци и тоа на почетокот на наредниот семестар кога е потребно да бидат доставени промените на новозапишаните студенти и на студентите кои се отпишале.

Потврдата за редовно студирање му обезбедува на студентот како член на семејство, континуирано задолжителното здравствено осигурување преку родителот.

Воедно Ви укажуваме дека доколку бараните податоците за студентите кои се на редовно школување, а не навршиле 26 години, од Ваша страна не бидат навреме доставени во електронска форма, Фондот ќе го прекине нивното здравственото осигурување. Поради тоа оваа категорија осигурени лица ќе треба во подрачната служба на Фондот повторно да се пријават во задолжителното здравствено осигурување со нова ЗО-1 пријава и потврда за редовен студент издадена од соодветниот Факултет.

**Со почит,**

Изработил:
Емилија Божиновска
Контролирал:
Јасмина Смилевска
м-р Татјана Ѓорѓиева
Согласен;
м-р Гоце Гаврилов

**ДИРЕКТОР,**
**Данаил Дончев**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**ДИРЕКТОР,**
**Орхан Рамадани**
**Orhan Ramadani**



[1] 03-15594/1 [2018]